# Закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на правата на пациентите

**Член 1**

Во Законот за заштита на правата на пациентите („Службен весник на Република Македонија“ број 82/2008, 12/2009, 53/11 и 150/15), во член 3 став 3 во точката 6 по зборот „Република” се додава зборот „Северна”.

**Член 2**

Во член 4 по точката 1 се додава нова точка 2, која гласи:
„2. „Лице со попреченост“ е лице кое има долготрајни физички, ментални, интелектуални или сетилни нарушувања, кои во интеракција со различни пречки може да ја спречат неговата целосна и ефикасна застапеност во општеството на еднаква основа како и другите;“.

Точките 2, 3, 4, 5 и 6 стануваат точки 3, 4, 5, 6 и 7.

**Член 3**

По членот 4 се додава нов член 4-а, кој гласи:

„Член 4-а

Изразите, употребени во овој закон кои се родово определени, се користат неутрално и се однесуваат еднакво на лица од машки и женски пол.“.

**Член 4**

Во член 5 ставот 2 се менува и гласи:

„Пациентот има право на остварување на правата утврдени со овој закон без дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло, национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа.“.

**Член 5**

Во член 8 по зборот „терминологија,” се додаваат зборовите: „а за лицата со попреченост прилагодено на потребите и способностите на пациентот“.

**Член 6**

Во член 14 во ставот 4 по зборот „сведоци” точката се брише и се додаваат зборовите: „на начин кој ќе му обезбеди на пациентот целосно да ги разбере причините, потребите и последиците од медицинската интервенција“.

**Член 7**

Во член 31 во ставовите 2 и 3 по зборот „Република” се додава зборот „Северна”.

**Член 8**

Членот 41 се менува и гласи:

„Комисијата се состои од единаесет члена кои се избираат во согласност со статутот на општините, односно градот Скопје и тоа: двајца претставници на пациентите - членови на здруженијата на пациенти, двајца претставници од здруженија што се занимаваат со човечките права и граѓанските иницијативи, еден претставник од здружение која се занимава со правата на жените, еден претставник од здруженијата за заштита на правата на лицата со попреченост, двајца лекари од општината и тројца членови делегирани од советот на општините, односно градот Скопје.

Мандатот на членовите на комисијата изнесува две години, со право на уште еден последователен избор.“.

**Член 9**

Во член 42 став 1 по точката 1) се додава нова точка 1-а), која гласи: „1-а) унапредување на правата на пациентите кои се лица со попреченост и жени жртви на насилство;”.

**Член 10**

Во член 45 став 1 во точката 5) по зборовите: „здравствените работници“ се додаваат зборовите: „здравствени соработници и другите вработени“.

**Член 11**

Во член 46 став 1 во точката 5) по зборовите: „здравствените работници“ се додаваат зборовите: „здравствените соработници и другите вработени“.

**Член 12**

Во член 51 ставот 2 се менува и гласи:

„Комисијата од ставот 1 на овој член се состои од единаесет члена и тоа: три претставници од здруженијата за заштита на правата на пациентите, еден претставник од здруженијата за заштита

на човековите права, еден претставник од здруженијата за заштита на правата на лицата со попреченост, еден од здруженијата за заштита на жените жртви на насилство, два претставника од медиумите, две стручни лица во областа на заштитата на правата на пациентите, како и еден претставник од Министерството за здравство.“.

**Член 13**

Во член 52 во ставот 1 по зборовите: „осигурување на” се додаваат зборовите: „Република Северна”.

**Член 14**

Општините и градот Скопје ќе ги формираат комисиите за унапредување на правата на пациентите согласно со членот 8 од овој закон во рок од еден месец од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Мандатот на членовите на постојните комисии за унапредување на правата на пациентите ќе престане со денот на формирање на комисиите согласно со ставот 1 на овој член.

**Член 15**

Министерот за здравство ќе ја формира Државната комисија за унапредување на правата на пациентите согласно со членот 12 од овој закон во рок од еден месец од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Мандатот на членовите на постојната Државна комисија за унапредување на правата на пациентите ќе престане со денот на формирање на комисијата согласно со ставот 1 на овој член.

**Член 16**

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Северна Македонија да утврди пречистен текст на Законот за заштита на правата на пациентите.

**Член 17**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.